ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 12-85/20

Дата: 03.10.2016

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за обрзаование и наука (во понатамошниот текст министерството) на сметката на основниот буџет (637) за 2015 година.

Ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2015 година на сметката на основниот буџет (637) на Министерството за образование и наука, а за усогласеност со закони и прописи изрази неповолно мислење.

На 10.02.2011 година, извршена е ревизија на резултатите од спроведување на препораките од Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2009 година, при што констатирано е дека истите се делумно спроведени.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Министерството за образование и наука за 2009 година и не е изразено мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, а за усогласеност со закони и прописи изразено е мислење со резерва.

При оценка на системот на внатрешни контроли во процесот на плати констатиравме нефункционирање на воспоставените контролни механизми, поради што ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на направените расходи за исплатени плати за 7 административни службеници.
Во 2015 година ангажирани се 39 лица по договор за дело без добиена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства, без критериуми за утврдувањето на висината на надоместоците, а исплатите се

вршени без соодветен доказ за извршена работа.

Во однос на реализацијата на Програмата за опремување за лаборатории на државните високообразовни установи и јавни научни институции констатирани се неправилности во постапките на давање на движните ствари, начинот на испорака, примопредавање и инсталирање на лабораториската и научно истражувачката опрема од страна на министерството.

Проценувањето на билансните позиции содржани во главната книга не е спроведено според сметководственото начело на парично искажување, односно неправилно се евидентирани материјалните средства, капиталните расходи за инвестиционите вложувања кои се во тек, не се евидентирани на позицијата материјални средства во подготовка, ниту пак се евидентирани преземените обврски кон добавувачите, а побарувањата од вработените по основ на дадени аванси за службени патувања во најголем дел се застарени. Не се води евиденција за состојбата и движењето на средствата на платежните картички со кои располага министерството, а пописот на средствата и изворите на средства за 2015 година не е целосно и правилно спроведен.

Утврдени се одредени недоследности во начинот на набавка, користење и располагање со недвижните и движните ствари во државна сопственост, не се води евиденција за примените и издадените книги/учебници од Проектот за превод  на 500 стручни, научни книги и учебници и не се склучени договори за нивно примопредавање со институциите и установите на кои истите им се предадени.

Исто така, не е обезбедена целосна и веродостојна документација врз основа на која се евидентирани дел од расходите и не е почитуван во целост Законот за јавни набавки при набавките на стоки и  услуги.

По однос на наведеното, укажуваме дека одговорните лица во министерството треба да преземат активности со кои ќе се обезбеди: функционирање на системот на електронска евиденција на работното време, ангажирање на лица по договор за дело согласно законските прописи, соодветно чување и заштита на набавената опрема за лабораториите, евиденција за примените и издадените книги/учебници, целосно и правилно спроведување на пописот, целосност на сметководствените документи пред нивното одобрување, евидентирање и плаќање, како и рационално и ефикасно користење на буџетските средства при набавки на стоки и услуги преку доследна примена на постапките утврдени со Законот за јавни набавки.

Од страна на одговорното лице на Министерството за образование и наука добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и не се прифатени, од причина што не се добиени

дополнителни докази кои би имале влијание на промена на утврдените состојби во извештајот, освен забелешките по точките 4.2.1 став 2 алинеја 2 и 3 и став 3 и 4.2.5 став 1 алинеја 1 кои се прифаќаат поради доставените дополнителни докази и наведените состојби нема да бидат дел од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор. Дел од забелешките кои претставуваат известување за преземените мерки по дадените препораки во 2016 година, се обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 32 до 34 заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за образование и наука на сметката на основен буџет (637), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи, за сметката на основен буџет (637) на Министерството за образование и наука за 2009 година и не е изразено мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, додека за усогласеност со закони и прописи изразено е мислење со резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- м-р Абдилаќим Адеми - министер од 27.06. 2014 година до 07.04.2016 година и
- Пиштар Лутфиу - министер од 07.04.2016 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Поради прашањата изнесени во точка 4.3. Ноди и препораки ние не бевме во можност да добиеме соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските

извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.03.2016 до 30.06.2016 година кај Министерството за образование и наука од тим на Државниот завод за ревизија .

**3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките**

На 10.02.2011 година, извршена е ревизија на резултатите од спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2009 година и издаден е Преглед за статусот на спроведување на препораките. Од содржината на презентираните податоци во прегледот, ревизијата констатира дека министерството делумно презело мерки за дадените препораки.

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на 15.06.2015 година.

На ден 29.08.2016 година со писмо број 21-10761/2 од 26.08.2016 година примени се забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 12-85/12 од 25.07.2016 година.

Забелешките се разгледани и не се прифатени, од причина што не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на утврдените состојби во извештајот, освен забелешките по точките 4.2.1 став 2 алинеја 2 и 3 и став 3 и 4.2.5 став 1 алинеја 1 кои се прифаќаат поради доставените дополнителни докази и наведените состојби нема да бидат дел од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор. Дел од забелешките кои претставуваат известување за преземените мерки по дадените препораки во 2016 година, се обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во Прилог кон овој Конечен извештај.

## 4.1. Внатрешни контроли

4.1.1. По извршеното снимање на системот на интерни контроли кај процесот на плати ревизијата констатира дека министерството иако има донесено процедура за пресметка и исплата на плати со дефинирани надлежности и одговорности на лицата во процесот, истата во целост не се почитува.

По извршените тестирања на пресметката и исплатата на плата, ревизијата утврди дека воспоставените интерни контроли кои треба да обезбедат доволно ниво на сигурност и да спречат ризик од исплата на плата врз основа на нередовно доаѓање на работа односно нереално одработени часови истите не функционираат, бидејќи референтот за пресметка на плата пресметката ја врши без документација која ќе ја потврди редовноста на вработените, што не е во согласност со Процедурата за пресметка и исплата на плати и со член 16 и 21 од Закон за јавна внатрешна финансиска контрола. Исто така, со увид во системот за евиденција на работното време утврдивме дека дел од вработените не го користат системот во целост (времето на доаѓање и заминување од работа и отсуства во текот на работното време по разни основи). Ваквиот начин на пресметка и исплата на плата не е во согласност со член 116 од Законот за работни односи и создава ризик исплатените плати да не се резултат на реално одработени часови и присуство на работа.

**Препорака**

Одговорните лица во министерството да преземат активности за целосно имплементирање на процедурата со што пресметката и исплатата на плата ќе се врши врз основа на податоците од системот на електронска евиденција.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. За набавка на објект и земјиште за сместување на ДУ Гоце Делчев – Штип, министерството со непосредна спогодба склучило договор за купопродажба на недвижна ствар бр.19-249/1 од 31.01.2014 година во вредност од 97.970 илјади денари. Согласно договорот министерството е обврзано вредноста да ја исплати во 4 еднакви рати така што по овој основ заклучно со 31.12.2015 година исплатени се средства во вкупен износ од 48.985 илјади денари и тоа: 16.815 илјади денари во 2014 година и 32.170 илјади денари во 2015 година.

Со извршената ревизија на целокупната документација добиена од страна на министерството и ДУ Гоце Делчев – Штип ревизијата ги констатира следниве состојби:

- Согласно јавниот повик за закуп на недвижен имот, ДУ Гоце Делчев – Штип, склучил договор бр.0307 - 1908/1 од 27.10.2010 година за закуп на простор на ул. Железничка б.б.. Закуподавачот бил обврзан да изврши преадаптирање на деловниот објект за потребите на универзитетот по што е извршено примопредавање на објектот со записник бр. 0302-143/1 од 03.02.2011 година. Договорот бил склучен за период од 10 години, но истиот по извршената купопродажба е раскинат со Анекс на договори бр.0307-244/1 од 06.02.2014 и бр. 0307-9/12 од 17.02.2014 година;
- На 24 јули 2012 година, Владата на РМ носи Одлука бр.41 - 5172/4 за набавка на недвижна ствар - објект со дворно место (земјиште), со која треба да се изврши набавка на недвижна ствар - објект и дворно место земјиште за потребите на министерството за сместување на ДУ Гоце Делчев - Штип, по пат на непосредна спогодба, без да има обезбедено средства од буџетот на министерството, што не е во согласност со член 10 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост. Поради ова, а по претходно доставена понуда од страна на сопственикот на објектот, Владата на РМ повторно носи Одлука бр.4/2 од 27 јануари 2014 година во која е наведено дека средствата потребни за да се изврши набавката во износ од 101.201 илјада денари се обезбедени од буџетот на Министерството за образование и наука;
- Во член 7 од Договорот е наведено дека Министерството за образование и наука ќе се стекне со правото на сопственост врз недвижна ствар – предмет на овој договор, врз основа на што е извршен пренос на правото на сопственост во јавните книги, односно во Имотниот лист бр.87821 КО Штип 1 од 24.09.2014 година, како носител на правото на сопственост се јавува министерството, а корисничкото право е на ДУ Гоце Делчев - Штип, што не е во согласност со член 4 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост каде со стварите во државна сопственост што ги користат државните органи од името на РМ располага Владата на РМ.

По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на одговорното лице на Министерството за образование и наука преземени се мерки за надминување на ваквата состојба, така што министерството има склучено Анекс 1 на Договорот за купопродажба на недвижна ствар и земјиште бр.08-11719/1 од 25.08.2016 година во кој е наведено дека купувач е Република Македонија и доставено е Барање до Агенцијата за катастар на недвижности бр.08-11719/2 од 25.08.2016

година за запишување на промена во катастарот на недвижности и во имотниот лист.

**Препорака**

Одговорните лица во министерството да продолжат со активностите во насока на почитување на постапката за набавка на недвижни ствари уредена со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

4.2.2. Со извршениот увид во доставената документација, а во врска со деловниот простор што е преотстапен на Министерството за образование и наука, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- Врз основа на член 20 став 3 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, од страна на Владата на РМ донесена е Одлука бр.42-1950/2 од 03.03.2015 година за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар, со која на Институтот за стандардизација на РМ му престанува користењето на недвижна ствар, зграда 2, дел од кат 02 со вкупна површина од 128.9 м2, на Кеј Димитар Влахов бр.4 КП бр.9521, КО Центар 1, евидентирана во имотен лист бр.9099, сопственост на РМ и се дава без надомест на трајно користење на министерството. Исто така, од страна на Владата на РМ донесена е Одлука бр.42-1950/1 од 03.03.2015 година за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар, со која на Институтот за акредитација на РМ му престанува користењето на недвижна ствар, зграда 2, дел од кат 03 со вкупна површина од 178.61м2, на Кеј Димитар Влахов бр.4 КП бр.9521, КО Центар 1, евидентирана во имотен лист бр.9099, сопственост на РМ и се дава без надомест на трајно користење на министерството. И покрај тоа што од страна на СОЗР на Владата на РМ со допис бр.05-7720/4 и бр. 05-7720/5 од 04.12.2015 година до министерството е доставена сметководствената вредност за горенаведените недвижности, министерството истите ги нема сметководствено евидентирано од причини што сеуште не е извршено примопредавање на недвижните ствари;
- Врз основа на Одлуката на Владата на РМ бр.42-929/1 од 17.02.2015 година за престанок и за давање на трајно користење на недвижните ствари, на 10.03.2015 година склучен е Договор бр.20-5682/1 помеѓу Министерството за образование и наука и СОЗР на Владата на РМ, со кој на министерството му се дава на трајно користење дел од

недвижните ствари без надомест и тоа: дел од недвижни ствари на ул.Свети Кирил и Методиј бр.54 - Скопје, зграда 1, подрум, со површина од 273,60 м2 и дел од приземје со површина од 20 м2, на КП бр.11613, КО Центар 1. Вредноста на објектот не е сметководствено евидентирана, од причини што објектот не е заведен во Агенцијата за катастар поради неизложеност на истиот.

Ваквиот начин на располагање и користење на стварите во државна сопственост не е во согласност со членовите 57 - 64 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост и има за ефект несоодветна евиденција на недвижните ствари што ги користат државните органи.

**Препорака**

Министерството за образование и наука во соработка со надлежните институции да преземе активности со цел да се изврши примопредавање на недвижниот имот и запишување на правото на користење на недвижниот имот во Агенцијата за катастар на недвижности за да може истите сметководствено да се евидентираат.

4.2.3. Со увид во сметководствената евиденција на платите и изводите од системот за евиденција на работното време, ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на направените расходи за исплатени плати во износ од 2.466 илјади денари за 7 административни службеници вработени во министерството, поради немање докази за присуство на работа. Присуството на работа на споменатите вработени, не можеше да се потврди од системот за електронска евиденција на работното време од причина што истите не се внесени во системот, а не се презентирани ниту обрасци за оценување и решенија за годишен одмор и други реални и објективни докази од кои може да се потврди присуството на вработените на работа. Ваквиот начин на исплата на плати не е во согласност со член 82 од Законот за работни односи, членовите 65 и член 98 став 5 алинеа 7 од Законот за административни службеници и не дава уверување за реалноста и објективноста на направените расходи по овој основ.

**Препорака**

Одговорното лице во министерството да преземе активности за утврдување на работното ангажирање на овие вработени и нивната присутност на работа, а доколку се утврди нивно неоправдано отсуство од работа да се преземат мерки

за престанок на вработување согласно одредбите од Законот за административни службеници.

4.2.4. Во текот на 2015 година во Министерството за образование и наука ангажирани се 62 лица по договор за дело. Со извршениот увид во доставената документација, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- За извршување на работи и работни задачи во кабинетот на министерот, министерството има ангажирано 49 лица со кои склучило договори за дело во континуитет од повеќе години. Во месец 5/2015 година, а согласно членот 4 од Законот за трансформација во редовен работен однос, од страна на Министерството за финансии добиена е согласност за трансформација на работен однос на неопределено време за 23 лица, чиј работен однос ќе се трансформира во 3 фази и тоа во месец 5 и 11/2015 година и месец 9/2016 година. Останатите 26 лица без добиена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства, продолжуваат со работен ангажман во кабинетот на министерот, без јасно и прецизно дефинирани обврски и работни задачи за кои во текот на 2015 година исплатени се 4.361 илјада денари;
- За потребите на Проектот за изградба и опремување на 145 училишни спортски сали, без добиена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства, ангажирани се 13 лица со кои се склучени договори за дело за временски период од 5 години. На име бруто плата за проектната единица во 2015 година од сметката на основен буџет исплатени се вкупно 6.330 илјади денари. Од извршениот увид во договорите, објавените огласи и доставената документација од страна на кандидатите, ревизијата констатира дека дел од избраните кандидати се без објавување на оглас, а дел не ги исполнуваат условите предвидени во огласот од страна на министерството;
- Министерството не ја следи редовноста на лицата ангажирани по договор за дело, што не е во согласност со член 3 и 4 од договорите каде извршителот е обврзан работните задачи да ги извршува секој работен ден од 08.30 до 16.30 во просториите на министерството. Исто така, во договорите за дело не е предвидена клаузула за доставување на месечни извештаи за извршена работа од страна на лицата ангажирани по договор за дело преку кои ќе се утврди степенот на извршување на работните задачи и обврски. Имајќи во предвид дека

дел од овие лица се во редовен работен однос кај друг државен орган, а министерството нема докази за нивниот работен ангажман, ревизијата не се увери во исполнувањето на нивните работни задачи и обврски за кои се ангажирани;

- Не постои конзистентност ниту критериуми во утврдување на висината на надоместоците за извршена работа по однос на склучени договори за дело, односно за ангажирање на ист вид работа, лицата добиваат различен надоместок.

Ангажирањето на лица по договор за дело без добивање на согласност за обезбедени финансиски средства во буџетот на РМ од страна на Министерството за финансии, не е во согласност со член 51 од Законот за буџетите и член 17 од Законот за извршување на буџет за 2015 година и има за ефект незаконско трошење на буџетски средства во износ од 10.691 илјада денари. Исто така бројот на ангажирани лица по договор за дело го надминува максималниот број на ангажирање лица по овој основ утврден во членовите 8 и 14 од Законот за трансформација во редовен работен однос, односно институцијата која има помалку од 300 вработени, а која нема обезбедено согласност од Министерството за финансии не може да ангажира повеќе од 3 лица за извршување на физичка или интелектуална работа врз основа на договор на дело.

**Препорака**
Надлежните служби во министерството, пред склучување на договорите за дело да обезбедат согласност за обезбедени финансиски средства во буџетот на РМ од страна на Министерство за финансии и да воспостават критериуми во утврдувањето на висината на надоместоците за вршење на одредени работи и задачи, а исплатите да ги вршат врз основа на доставени месечни извештаи за извршената работа.

4.2.5. За реализација на проектот “Превод на 500 стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети во САД и Англија од областа на правото во Франција и Германија”, министерството склучило договори со економски оператори за набавка на превод, со откупени авторски права, стручна редактура, лектура, компјутерска обработка, печатење и дистрибуција на книги на македонски и албански јазик во 2010 година и по тој основ презела обврски во вкупна вредност од 510.413 илјади денари. Со увид во документацијата која ни беше доставена ревизијата го утврди следното:

- Во магацинот каде што се доставуваат книгите/учебниците не се води целосна евиденција за примените и издадените книги/учебници на државните органи, институции и установи на РМ, со што министерството нема податок за вкупниот број на примени и издадени книги/учебници;
- Министерството склучило договори за примопредавање на движни ствари - учебници само со органите на државната власт (министерствата), а не и со другите институции и установи на кои им се дадени книги/учебници на трајно користење без надомест, што не е во согласност со членот 3 од Одлуките за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари. Исто така во склучените договори не е наведена вредноста на книгите/учебниците ниту се доставени податоци за нивната поединечна вредност со соодветна поткрепувачка документација како би можеле органите кои ги користат да ги внесат во својата сметководствена евиденција.

Наведените состојби не се во согласност со одредбите од член 6 став 2 и член 7 став 2 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и влијаат на несоодветно и некомплетно презентирање на податоците во деловните книги и финансиските извештаи што го намалува квалитетот и информациите кои ги даваат истите.

**Препораки:**

1. Одговорните лица во министерството да преземат мерки за воспоставување на евиденција за примените и издадените книги/учебници на државните органи, институции и установи на РМ.

2. Министерството да склучи договори за примопредвање на движните ствари со сите институции и установи на кои им се дадени книгите/учебниците на трајно користење и да им се достави потребната документација за нивна сметководствена евиденција.

4.2.6. Во текот на 2015 година од страна на министерството направени се расходи во износ од 12.513 илјади денари без соодветна поткрепувачка документација по следниве основи:

- За хотелско сместување во земјата за вработени во министерството и гости од странство исплатени се вкупно 861 илјада денари без патни налози, покани за гостите, агенда за настаните и слично, а од нив 707 илјади денари се платени за сместување во хотели со категорија од 5 ѕвезди;

- Направени се расходи во износ од 240 илјади денари по основ на такси превоз кој во најголем дел е користен од страна на вработените надвор од работното време;
- По основ на потрошено гориво исплатени се средства во износ од 5.414 илјади денари, без поединечни налози за користење на патничките автомобили за службени дејствија од каде што може да се утврди начинот и намената на нивното користење, односно кој го користи возилото, називот и регистарскиот број на возилото, службеното дејствие што се врши и др;
- Направените расходи за угостителски/ресторански услуги во угостителски објекти во износ од 5.151 илјада денари се без соодветна документација од која што може да се утврди видот и намената за која услугата е извршена, а од нив 847 илјади денари се однесуваат за набавка на прехранбени производи. Ревизијата истакнува дека расходите за репрезентација во тековната 2015 година се двојно зголемени во однос на 2014 година.

Ваквиот начин на исплата на средства без соодветна поткрепувачка документација не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 37 - в од Законот за буџетите и не дава уверување за рационално и економично користење на буџетски средства.

По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на одговорното лице на Министерството за образование и наука преземени се мерки за надминување на ваквата состојба, односно министерството донело Правилник за утврдување на начинот на упатување на службен пат, начинот на пополнување и одобрување на патните налози и утврдувањето износи на дневници и превозни и други трошоци за извршени службени патувања во земјата и странство на вработените во министерството и други службени лица бр. 08-11308/1 од 17.08.2016 година, Решение за утврдување на право на користење на репрезентација бр.08 – 11309/1 од 17.08.2016 година и Наредба за постапување за користење на такси превоз за службени цели и одобрување на надминат дозволен лимит на месечната сметка на службениот мобилен телефон бр. 08-9422/1 од 23.06.2016 година, по кои во наредниот период треба да постапуваат при признавање на направените расходи.

**Препорака**

Одговорните лица во министерството да ги почитуваат донесените пишани процедури со кои се регулира начинот на користење на средствата наменети за патување во земјата и странство, средствата наменети за репрезентација и користење на такси превоз.

4.2.7. Во насока на подобрување на научно – истражувачката и зајакнување на апликативната инфраструктура на јавните високообразовни установи и јавните установи, Владата на РМ, во 2010 година, започнала со реализација на Програмата за опремување за лаборатории на државните високообразовни установи и јавни научни институции. Програмата е финансирана од страна на Министерството за образование и наука од Програма 7А – Програма за опремување на лаборатории во периодот 2012 - 2016 година.

За таа цел, во 2010 година, министерството има објавено повик за изразување на интерес, со кој сите заинтересирани субјекти биле поканети да достават елаборат со технички спецификации за набавка на лаборатории. По доставените апликации и извршениот избор, од страна на министерството спроведени се постапки за јавни набавки и склучени се договори за набавка на 80 лаборатории од областа на: информатика, техничко-технолошки, природно-математички, медицински, биотехнички, хуманистички и општествени науки. Вкупната вредност на набавената опрема по склучените договори изнесува 1.565.433 илјади денари, од кои до 31.12.2015 година исплатени се 1.437.198 илјади денари.

Поради значењето на самиот проект ревизијата сметаше за потребно да изврши ревизија на набавката, испораката, примопредавањето и инсталирањето на лабораториската и научно истражувачка опрема за дел од високообразовните и научните установи.

Од вкупно набавените лаборатории, извршен е теренски увид на 28 лаборатории во износ од 592.815 илјади денари или 38% од вкупната вредност на набавените лабаратории (Прилог 1).

**Набавени лаборатории за потребите на Универзитетот во Тетово**

Во текот на 2011 година, за потребите на Универзитетот во Тетово, министерството има извршено набавка на опрема за 4 лаборатории во вкупен износ од 75.974 илјади денари.

Од извршениот увид во приложената документација од страна на министерството и универзитетот констатирани се следниве состојби:

- Опремата за лабораториите е испорачана до факултетите во состав на Државниот универзитет Тетово со записници за извршено примопредавање, а Владата на РМ има донесено Одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движните ствари со кои од Министерството за образование и наука движните ствари се даваат на трајно користење на одделни факултети, без надомест. Иако опремата

е примена во текот на 2011 и 2012 година, министерот за образование и наука со задоцнување, во 2014 година склучил поединечни договори за секоја лабораторија со ректорот на Државниот универзитет;

- Опремата од лабораториите е инсталирана и ставена во функција, но истата не е сметководствено и материјално евидентирана ниту е осигурана во согласност со прописите за осигурување и склучените договори.

**Набавени лаборатории за потребите на Универзитетот Свети Климент Охридски - Битола**

Во текот на 2011 година, за потребите на Универзитетот Климент Охридски, министерството има извршено набавка на опрема за 5 лаборатории во вкупен износ од 59.452 илјади денари.
Од извршениот увид во приложената документација од страна на министерството, факултетите при Универзитетот Свети Климент Охридски и Високата медицинска школа - Битола констатирани се следниве состојби:

- Опремата за лабораториите е испорачана до соодветните факултети и Високата медицинска школа со записници за извршено примопредавање, а Владата на РМ има донесено Одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движните ствари со кои од министерството движните ствари се даваат на трајно користење на одделни факултети, без надомест. Освен со Факултет за Биотехнички науки и Ветеринарниот факултет, министерот за образование и наука нема склучено договори со деканите на останатите факултети и директорот на Високата медицинска школа – Битола, со кои ќе се уредат правата и обврските за начинот на користење, чување и одржување на движните ствари;
- Поради несклучени договори со корисниците на опремата и недоставени податоци за вредноста на опремата со соодветна потрепувачка документација, истата не е сметководствено и материјално евидентирана, ниту е осигурана во согласност со прописите за осигурување;
- Хемиско биохемиската лабораторија со вредност од 28.308 илјади денари воопшто не е ставена во употреба, бидејќи носителот на набавката не ги испочитувал обврските од член 5 од Договорот бр. 18-359/29 од 24.06.2011 година склучен со министерството, а кои се однесуваат на обука на лицата кои ќе ракуваат со инсталираната опрема, за нејзино правилно и функционално користење;

- Лабораторијата за генетика со вредност од 6.531 илјада денари не е ставена во употреба, од причина што е потребно нејзино доопремување, односно потребно е да се изврши набавка на опрема која е неопходна за непречено функционирање на една лабораторија од таков тип. За таа цел, како и за да се изврши акредитација на лабораторијата, од страна на Ветеринарниот факултет - Битола во 2015 година спроведена е постапка за јавна набавка на соодветна апаратура за дополнителни 19 дела.

**Набавени лаборатории за потребите на ДУ Гоце Делчев - Штип**

**Во** текот на 2011 година, за потребите на ДУ Гоце Делчев - Штип, министерството има извршено набавка на опрема за 5 лаборатории во вкупен износ од 149.544 илјади денари.

Од извршениот увид во приложената документација од страна на министерството и факултетите во состав на универзитетот, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- Опремата за лабораториите е испорачана до факултетите во состав на ДУ Гоце Делчев - Штип со записници за извршено примопредавање, а Владата на РМ има донесено Одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движните ствари со кои од министерството движните ствари се даваат на трајно користење на одделни факултети, без надомест. Иако опремата е примена во текот на 2011 и 2012 година, министерот за образование и наука со задоцнување, во 2014 година склучил поединечни договори само за две лаборатории со ректорот на ДУ Гоце Делчев - Штип со кои се уредуваат правата и обврските за начинот на користење, чување и одржување на движните ствари;
- Со оглед на тоа што министерството до факултетите – корисници на опремата нема доставено податоци за вредноста на опремата со соодветна поткрепувачка документација, истата е несоодветно евидентирана во сметководствената и материјалната евиденција. Поради недостиг на податоци, Факултетот за природни и технички науки спровел испитување на пазарот за вредноста на опремата на лабораторијата за животна средина - група инструменти за анализа на атмосфера и истата сметководствено ја евидентирал по вредност од 1.288 илјади денари, што не е идентична со набавната вредност;
- Од истите причини, Факултетот за медицински науки при ДУ Гоце Делчев Штип, извршил истражување на пазарот и по добиените цени од застапник за РМ за таков вид опрема, опремата за стоматолошка

лабораторија сметководствено ја евидентирал по вредност од 26.070 илјади денари, што не е идентична со набавната вредност.

**Набавени лаборатории за потребите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) во состав на Универзитетот Кирил и Методиј - Скопје**

Во текот на 2011 и 2012 година, за потребите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, министерството има извршено набавка на опрема за 11 лаборатории во вкупен износ од 154.411 илјади денари.

Ревизијата изврши увид во набавката, испораката, примопредавањето и инсталирање на лабораториска опрема при што ги констатира следниве состојби:

- Опремата за лабораториите е испорачана до ФИНКИ со записници за извршено примопредавање, а Владата на РМ има донесено Одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движните ствари со кои од министерството движните ствари се даваат на трајно користење на ФИНКИ, без надомест. Иако опремата е примена во текот на 2011 и 2012 година, министерот за образование и наука со задоцнување, на крајот на 2013 година склучил поединечни договори за секоја лабораторија со деканот на факултетот;
- Поради ненавременото склучување на договорите, опремата сметководствено и материјално е евидентирана во 2014 година, а пресметката на амортизација наместо да се врши од 2011 година со нејзиното ставање во употреба истата започнува да се пресметува од 2014 година, што влијае на нереално и необјективно прикажување на сегашната вредност на опремата;
- Бидејќи во договорите е наведена вкупната вредност на лабораторијата, а министерството до факултетот нема доставено соодветна поткрепувачка документација, деловите од опремата сметководствено се евидентирани по вредност која се разликува од вредноста на фактурите (вкупната вредност на договорот е поделена со бројот на набавените делови од опремата). Несоодветното евидентирање на вредноста на секој поединечен дел од опремата влијае и врз трошоците направени по основ на осигурување.

**Факултет за безбедност – Скопје во состав на Универзитетот на Св. Климент Охридски**

Во врска со јавниот повик за изразување интерес за програмата на Владата за опремување лаборатории, Факултетот за безбедност има доставено 10 апликации кои не се одобрени од научно наставниот совет при Факултетот.
Од поднесените апликации одобрени се апликации за 3 лаборатории за што министерството по спроведените постапки за јавни набавки склучило договори за набавка на опрема во вкупна вредност од 153.434 илјади денари.

Со извршениот увид во документацијата на Факултетот за безбедност и Министерството за внатрешни работи ревизијата ги констатира следниве состојби:

- Иако набавката на трите лаборатории била за потребите на Факултетот за безбедност, опремата не е испорачана на факултетот, односно нема записник за извршено примопредавање;
- Опремата е испорачана и инсталирана директно во Министерството за внатрешни работи - оддел за криминалистичка техника, со што не е испочитуван член 8 од договорите за набавка на опремата склучени помеѓу министерството и носителот на набавката каде е наведено дека носителот на набавката е обврзан горенаведените лаборатории да ги достави франко факултет/научен институт;
- И покрај тоа што опремата од лабораториите за микро траги и лабораторијата за информатичко – криминалистички испитувања е испорачана на Министерството за внатрешни работи, Владата на РМ носи Одлука бр.41-4084/1 и бр.41-4074/1 од 29.05.2012 година за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Факултетот за безбедност, со која опремата од лабораториите од министерството ја дава на трајно користење на Факултетот за Безбедност, за потоа истата со Одлука бр. 41-5919/1 и бр.41-5920/1 од 15.08.2012 година за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари да ја даде на трајно користење на Министерството за внатрешни работи. По однос на донесените одлуки не се склучени ниту договори помеѓу Факултетот за безбедност и Министерството за образование и наука, и Факултетот за безбедност и Министерството за внатрешни работи, со кои ќе се уредат правата и обврските за начинот на користење, чување и одржување на движните ствари;
- Иако опремата за лабораторијата за криминалистичка регистрација и идентификација е директно испорачана на Министерството за внатрешни работи, Владата на РМ носи Одлука бр. 41-9420/1 од 25.12.2012 година за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Факултетот за безбедност со која од министерството опремата се дава на трајно користење на Факултетот за безбедност, за

што овие две институции требале да склучат Договор со кои ќе се уредат правата и обврските за движните ствари. Оваа Одлука престанува да важи со Одлуката бр.41-7652/1 од 22.10.2013 година, за потоа Владата на РМ да донесе нова Одлука бр.41-7651/1 од 22.10.2013 година за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари, со која движните ствари од Министерството за образование и наука се даваат на трајно користење на Министерството за внатрешни работи;

- Врз основа на Одлуката министерот за образование и наука со министерот за внатрешни работи имаат склучено Договор бр. 03-13970/1 од 25.11.2013 година за користење на движни ствари - опрема за лабораторијата за криминалистичка регистрација и идентификација. Иако во договорот е наведена вкупната вредност на лабораторијата, опремата од лабораторијата сметководствено е евидентирана по вредност од 45.049 илјади денари која е за 83.661 илјада денари помала во однос на набавната вредност.

Поради состојбите утврдени со извршениот теренски увид на погоре наведените лаборатории, а кои се однесуваат на несклучени договори, неправилности во постапките на давање на движни ствари, начинот на испорака, примопредавање и инсталирање на лабораториска и научно истражувачка опрема од страна на министерството, корисниците на опремата не биле во можност истата да ја евидентираат во нивната материјална и сметководствена евиденција или пак ја евидентирале по вредност која не соодветствува на набавната, немаат обезбедено осигурување, а еден дел од опремата воопшто не е ставена во функција, што не е во согласност со член 3 од Одлуките за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари, член 12, 19 и 20 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и член 44 и 57 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост и не обезбедува соодветно чување и заштита на стварите, кои се во државна сопственост.

**Препораки:**

1. Одговорните лица во министерството да склучат договори со останатите корисници на опремата од лабораториите со кои ќе се уредат правата и обврските за начинот на користење, чување и одржување на движните ствари.

2. Одговорните лица во министерството да достават до корисниците на опремата податоци за нејзината вредност и поткрепувачка документација

со цел истата сметководствено да се евидентира во нивните деловни книги и да се осигура во согласност со прописите за осигурување.

3. Одговорните лица во минстерството да преземат мерки и активности кон добавувачите во насока на создавање услови за ставање на опремата во употреба и нејзино правилно и функционално користење.

## 4.3. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.3.1. Во Билансот на состојба на ден 31.12.2015 година евидентирана е вредност на градежни објекти во Гостивар, Дебар, Кратово, Крушево, Куманово, Прилеп, Струга, без соодветна документација, односно имотни листови како доказ за правото на сопственост, а истите со Законот за изменување и дополнување на законот за просветната инспекција[1], каде Државниот просветен инспекторат од 01.05.2014 година се стекнува со својство на правно лице, повеќе не се користат од страна на министерството. И покрај тоа што, одговорните лица во министерството имаат преземено активности во насока на расчистување на сопственоста односно корисничкото право и обезбедување имотни листови за овие објекти, до денот на ревизијата постапките сеуште не се завршени:

- за градежните објекти во Куманово, Гевгелија, Кочани и Прилеп поднесени се барања за излагање до Агенцијата за катастар на недвижности, но до денот на ревизијата нема повратно известување;
- за градежните објекти во Струга, Ресен и Крушево поднесено е барање за легализација од страна на подрачните единици на Државниот просветен инспекторат за кои нема добиено повратно известување;
- имајќи во предвид дека градежните објекти во Гостивар и Дебар ги користат повеќе институции потребна е заедничка координација со цел да се достави барање за геодетски елаборат за етажен премер;
- за градежниот објект во Охрид постапката за легализација е во тек.

Евидентирањето на градежни објекти за кои не се обезбедени имотни листови и кои веќе не се користат од страна на министерството не е во согласност со член 19 и 22 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално и необјективно прикажување на позицијата на материјални средства и Државниот јавен капитал во Билансот на состојба на ден 31.12.2015 година.

[1] Службен весник бр.146/13 од 25.10.2013 година

**Препорака**

Одговорните лица на министерството во координација со одговорните лица на Државниот просветен инспекторат да продолжат со активностите во насока на упишување на правото на користење недвижен имот во Агенцијата за катастар на недвижности со цел обезбедување на имотни листови врз основа на кои ќе може објектите да се преотстапат на вистинскиот корисник.

4.3.2. На позицијата материјални средства во подготовка не се евидентираат капиталните расходи за инвестиционите вложувања кои се во тек, а кои се наменети за изградба и реконструкција на основни и средни училишта, изградба на училишни и спортски сали, реконструкција на ученички и студентски домови, реконструкција на универзитетите, што не е во согласност со член 6 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 5 од Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Неевидентирањето на инвестиционите вложувања кои се во тек оневозможува континуирано следење на вложувањата во одреден објект и степенот на нивната довршеност и не дава уверување дека по завршување на инвестиционите зафати и пуштање на објектот во употреба, навремено и во целост ќе се изврши пренос на вкупната инвестициона вредност на субјектот за која инвестицијата е наменета и има влијание на релноста и објективноста на Билансот на состојба.

**Препорака**

Инвестиционите вложувања кои се во тек, а кои се наменети за изградба и реконструкција на основни и средни училишта, детски градинки, изградба на училишни и спортски сали, реконструкција на ученички и студентски домови, реконструкција на универзитетите да се евидентираат на позицијата материјални средства во подготовка, а по нивното завршување и активирање навремено да се пренесат на субјектот кој е корисник на објектот.

4.3.3. Со извршениот увид во сметководствената евиденција на материјалните средства ревизијата ги констатира следниве неправилности:

- Како резултат на долгогодишната воспоставена пракса, набавените материјални средства сметководствено се евидентираат кога ќе бидат платени и тоа по вредност за извршеното плаќање, што има за ефект ненавремено евидентирање на материјалните средства, односно нивно евидентирање по вредност помала од набавната, нереално

пресметување на амортизацијата и искажување на сегашната вредност;

- Вредноста на материјалните средства искажана во книгата на основни средства не е усогласена со вредноста евидентирана во сметководствената евиденција на ден 31.12.2015 година. Разликите се утврдени кај набавната и отпишаната вредност, така што сегашната вредност на материјалните средства искажана во Билансот на состојба на ден 31.12.2015 година е поголема во однос на вредноста искажана во книгата на основни средства за 15.635 илјади денари;
- По спроведена постапка за јавна набавка, министерството склучило Договор бр.18-18140/12-14 од 08.01.2015 година за надградба на модулите за Е - дневникот во износ од 1.023 илјади денари, а за оваа намена во 2015 година, исплатени се 315 илјади денари. Софтверската надградба е евидентирана на позициите Материјални средства и Останат капитал со вредност од 315 илјади денари (вредноста на исплатените средства) наместо на соодветната позиција Нематеријални средства со вредност од 1.023 илјади денари;
- Во однос на возниот парк со кој располага министерството, констатирано е дека 17 возила се евидентирани во сметководствената и материјалната евиденција без вредност, од причина што за нив не е извршена проценка.

Наведените состојби не се во согласност со член 19 и 22 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, член 7 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и со Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници и резултира со нереално и необјективно прикажување на позицијата на Материјални средства и Државниот јавен капитал во Билансот на состојба на ден 31.12.2015 година.

**Препорака**

Одговорните лица во министерството да преземат соодветни мерки и активности во насока на:

- усогласување на материјалната со сметководствената евиденција на постојаните средства;
- набавените материјални средства да се евидентираат во сметководствената евиденција по нивната набавна вредност;
- да се изврши проценка на вредноста на возилата и истата сметководствено и материјално да се евидентира.

4.3.4. Пописот на средствата и изворите на средства со состојба на ден 31 декември 2015 година не е извршен на начин предвиден со одредбите наведени во член 21 од Законот и член 29-35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, од следниве причини:

- Постои неусогласеност помеѓу сметководствената и материјалната евиденција на материјалните средства, од причини што новонабавената опрема се евидентира сметководствено само за износот кој е платен, но не и материјално, а по завршување на пописот се врши материјална евиденција на новонабавените средства;
- Средствата кои не се сметководствено евидентирани (инвестиции во тек, книги - превод на стручна литература од реномирани странски автори и платежните картички), Пописната комисија физички не ги попишала;
- По усвојување на Извештајот за извршениот попис Решение бр.05-368/9 од 10.02.2016 година, од страна на одговорното лице на министерството не е констатиран начинот на книжење на утврдените разлики и расходувањето на опремата. Од тие причини лицето задолжено за водење на сметководството и деловните книги ги нема евидентирано разликите и состојбите кои произлегуваат од усогласувањето на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот.

Поради нецелосно и неправилно извршениот попис ревизијата не доби соодветни ревизорски докази за да се увери во реалноста и објективноста на искажаните средства и извори на средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2015 година.

**Препорака**

Одговорните лица во министерството да преземат активности и мерки за спроведување на пописот на начин предвиден со законските одредби и утврдување на начинот на книжење на разликите утврдени со пописот во насока на усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

4.3.5. Во Билансот на состојба на ден 31.12.2015 година, на позицијата Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата евидентирани се 1.106.023 илјади денари, по основ на доделени студентски кредити од 1996 до 2010 година. Ревизијата не изразува уверување во реалноста и објективноста на искажаниот износ од причина што не е вршено отпишување на ослободениот дел од обврските за враќање на студентските кредити. Имено, во зависност од постигнатиот успех во студиите, министерството требало да го утврди статусот

на студентите кои ги исполниле условите за целосно или делумно ослободување и износот на ослободувањето од враќање на кредитот со цел да се изврши сметководствено отпишување.

**Препораки:**

1. Одговорното лице на министерството да формира Комисија која во соработка со одделението за ученички и студентски стандард ќе ја утврди реалната состојба по студенти кои ги исполниле условите за целосно или делумно ослободување, со цел да се изврши отпишување на побарувањата за ослободениот дел од обврските за враќање на студентските кредити.
2. Имајќи во предвид дека побарувањата потекнуваат од пред 2010 година, Комисијата да ја испита старосната структура на секое поединечно побарување и да преземе соодветни мерки за застарените, а ненаплатени побарувања.

4.3.6. На ставката Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции искажана е состојба на 31.12.2015 година од 1.811 илјади денари која се однесува на побарувања од вработени по основ на дадени аванси за службени патувања во странство. Со анализа на старосната структура на побарувањата утврдивме дека 82% од нераздолжените аванси потекнуваат од 2003-2009 година, 5% се побарувања од 2010-2013 година и 13% се од 2015 година. Имајќи ја во предвид ваквата старосна структура на побарувањата по дадени аванси, а од друга страна непреземените мерки од одговорните лица на министерството за нивна наплата, истите согласно општиот рок на застареност од 5 години во најголем дел се застарени и не постои можност за нивна наплата.

Несовесното постапување на дел од вработените кои биле задолжени со аванси како и непреземените мерки за нивна наплата не се во согласност со член 24 од Општиот колективен договор и со Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите им се признаваат во тековни трошоци што овозможува времено финансирање на поединци на подолг рок и незаконско и ненаменско користење на буџетски средства.




**Препорака**

Одговорните лица во министерството да преземат активности и мерки за наплата на побарувањата за кои постои законски основ и раздолжувањето со авансите за службени патувања да се врши во законски утврдените рокови.

4.3.7. Со извршениот увид во деловните книги на министерството ревизијата констатира дека обврските кон добавувачите не се евидентираат на Позицијата Краткорочни обврски кон добавувачите со едновремено задолжување на кореcподентната пасивна сметка. Со оглед на тоа што овие промени не се искажани во сметководствената евиденција, ревизијата утврди неусогласеност помеѓу податоците искажани во Образецот ПО1 за преземени обврски по склучени договори во износ од 1.094.878 илјади денари и состојбата искажана во Билансот на состојба на 31.12.2015 година во износ од 19 илјади денари.

Неевидентирањето на преземените обврски во сметководствената евиденција е резултат на повеќегодишната пракса во министерството што не е во согласност со член 19 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и не обезбедува реално и објективно прикажување на позициите во Билансот на состојба на 31.12.2015 година.

**Препорака**

Одговорните лица во министерството, да преземат мерки во насока на обезбедување на целосност, комплетност и навременост на сите податоци презентирани во деловните книги, со цел вистинито и реално прикажување на сметководствените промени, односно трансакции.

4.3.8. Со увид во сметководствената евиденција на паричните средства со кои располагаа министерството ревизијата констатира дека во главната книга не се обезбедени податоци за состојбата и движењето на средствата на кредитните картички со кои располага министерството, односно паричните средства на кредитните картички не се искажани во номинален износ според доставените изводи за состојбата на сметките, што не е во согласност со член 19 став 4 од Законот за сметководство на буџети и член 6 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Со увид во евиденцијата на министерството од позицијата Расходи за репрезентација прикажани се расходи во вкупен износ од 1.340 илјади денари, што не соодветсвува со реално направените расходи по овој основ, односно расходите се признаени во вкупен износ во моментот на задолжување на кредитните картички, наместо во момент кога настанале и тоа за износот на извршениот одлив на парични средства од сметката.

Ваквата состојбата е резултат на повеќегодишната пракса во министерството со што не се обезбедува реално и објективно прикажување на позициите во Билансот на состојба на 31.12.2015 година, а тоа го намалува квалитетот на информации кои ги даваат финансиските извештаи.

**Препорака**

Одговорните лица во министерството, да преземат мерки во насока на обезбедување на целосност, комплетност и навременост на сите податоци презентирани во деловните книги, со цел вистинито и реално прикажување на сметководствените промени, односно трансакции.

### 4.4. Користење на средствата согласно законски прописи

**Јавни набавки**

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на министерството за 2015 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени вкупно 29 постапки за јавни набавки спроведени во текот на 2015 година. Вредноста на договорите во ревидираните постапки изнесува 1.903.118 илјади денари што опфаќа 98% од вкупната вредност на доделените договори.

Од извршениот увид во спроведените постапки ги утврдивме следниве состојби:

4.4.1. Во текот на 2015 година, без постапка за јавна набавка извршени се набавки на стоки и услуги во вкупен износ од 8.349 илјади денари, што укажува на несоодветна проценка на годишните потреби за набавки во тековната година и непочитување на член 2 и 5 од Законот за јавни набавки (Прилог 2).
Набавката на стоки и услуги без да се спроведат соодветни постапки за јавна набавка не обезбедува разумно уверување за рационално и ефикасно користење на средствата, фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

**Препорака**

Набавката на стоки и услуги да се врши во согласност со пишаните правила и норми во законската регулатива во функција на обезбедување конкуренција, еднаков третман и недискриминација, транспарентност и јавност при набавките.

4.4.2. Комисијата за јавна набавка нема побарано согласност од Советот за јавни набавки согласно член 36 а од Законот за јавни набавки каде што Комисијата, пред да го објави огласот за јавна набавка доколку предвиди критериуми за утврдување на способност, освен лична состојба и способност за вршење професионална дејност задолжително бара согласност од Советот ако има пет или помалку од пет економски оператори на пазарот во Република Македонија кај отворената постапката, ограничената постапка, постапката со преговарање со претходно објавување оглас и кај конкурентниот дијалог што ги исполнуваат условите. Од страна на Комисијата извршено е истражување на пазарот, но бројот на економските оператори што доставиле одговор дека ги исполнуваат критериумите што се наведени во тендерската документација не бил доволен согласно предвидените законски одредби, поради што министерството имало обврска да побара согласност од Совет и тоа за:

- изградба на училишна спортска сала за ОУ "Мехмед Дерала", Општина Врапчиште за што е склучен договор со еден економски оператор на вкупен износ од 33.650 илјади денари;
- санација/ адаптација/реконструкција за основни и средни училишта - за што се склучени договори со три економски оператори на вкупен износ од 54.870 илјади денари;

- доградба на ПУ "Димитар Поп Георгиев Беровски" и за изградба на ОУ "Невена Георгиева Дуња" за што се склучени договори со два економски оператори на вкупен износ од 102.306 илјади денари.

4.4.3. Министерството склучило договор бр.18-8808/12 од 14.08.2013 година за проектирање на објект за Студентски дом Невена Георгиевска Дуња - Комплекс клинички центар со вредност од 6.372 илјади денари. Проектот е реализиран и платен во декември 2013 година.

Во 2015 година, изготвено е образложение со причини за корекција на проектот кое не е потпишано од овластено лице и не е поткрепено со ниеден документ или одлука на одговорно лице или субјект. Врз основа на образложението се доставува барање за Мислење од Бирото за јавни набавки за законитоста при корекција на проектната документација согласно Законот за јавни набавки член 99 став 1, точка 1, алинеја 2. Барањето е потпишано од државен советник во министерството. Добиено е мислење од Бирото кое го опишува начинот и основаноста за таквиот вид на постапка и напоменува дека договорниот орган ја сноси одговорноста при спроведување на ваков вид на постапка. Со одлука од министерството потпишана само од министер се започнува со постапка со преговарање без објавување на оглас со економскиот оператор кој го има проектирано првичниот проект. Се спроведува постапката и од страна на економскиот оператор се добива понуда од 4.956 илјади денари со ДДВ која во текот на преговарањето не е изменета односно не е намалена. Склучен е договор бр. 19-91/1 од 05.01.2016 со економскиот оператор за Корекција на проектната документација. Согласно увидот во целокупната документација, ревизијата не е во можност да се увери во основаноста на причините за измена односно корекција на основниот проект, односно образложението за причините за корекција на проект не е потврдено од ниедно стручно лице во министерството или одлука од надлежна институција. Исто така првичниот проект кое е изработен врз основа на Идејно решение, е променет со образложение дека новиот коригиран проект ќе добие порационално и поекономично решение на објектот односно ќе се изврши намалување на бројот на леглата од 490 на 350-300 легла и ќе се изврши корекција на подземниот паркинг со надземен паркинг и ќе се решат пратечките содржини на објектот (гаражи, објекти за спорт и рекреација). Согласно Образложението ревизијата е на мислење дека се изготвува нов проект кој ќе ги опфати сите потребни барања/измени на претходниот проект, кое би значело дека договорниот орган требало да спроведе јавна набавка со отворена постапка со што би обезбедил транспарентност и конкурентност согласно Законот за јавни набавки.

Ваквата состојба не е во согласност со член 2 од Законот за јавни набавки преку кој се обезбедува конкуренција меѓу економските оператори и транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавна набавка, и член 99 точка 6 во која комисијата за јавни набавки дава детално образложение за причините за спроведување на постапката за преговарање без претходно објавување на оглас.

**Препорака**

Одговорните лица во министерството да преземат мерки за функционирање на системите за интерна контролна и надзор при спроведување на постапките за јавни набавки од областа за проектирање и градби согласно Законот за јавни набавки и интерните процедури на министерството.

**Основ за изразување на мислење**

Врз основа на изнесеното во точките 4.3.1 до 4.3.8 од овој извештај, кое се однесува на несоодветно евидентирање на материјалните средства, неевидентирање на материјалните средства во подготовка за инвестиционите вложувања кои се во тек, нецелосно евидентирање на преземените обврски кон добавувачите, нереално прикажување на позицијата на долгорочните кредити и позајмици во земјата по основ на дадени студентски кредити, состојбата на застарени побарувања од вработените по основ на дадени аванси за службени патувања, неевидентирање на прометот и состојбата на средствата на платежните картички со кои располага министерството и нецелосно и неправилно извршен попис, ревизијата не беше во можност да ги квантифицира ефектите врз финансиските извештаи на Министерството за образование и наука, сметка на основен буџет (637), но поради значајноста на утврдените слабости, ревизијата се воздржа од изразување на мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на ден 31 декември 2015 година.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.3.1 - 4.3.8, ние не бевме во можност да добиеме соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Министерството за образование и наука, сметка на основен буџет (637), на ден 31 декември 2015 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечата законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 4.2. до 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерство за образование и наука, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Останати прашања

6.1. Ревизијата има обврска да обелодени дека во 2015 година, министерството има исплатено 23.556 илјади денари буџетски средства по основ на камати за ненавремено подмирување на обврските, а поради неисполнување на обврските по правосилните одлуки кои повеќе не можат да се побиваат со жалби, одлеани се буџетски средства по основ на трошоци по извршни исправи[2]во износ од 3.033 илјади денари. Направените расходи имаат за ефект непланиран одлив на државни средства за сметка на остварувањето на тековните активности утврдени со Буџетот на министерството.

Министерството за образование и наука како државен орган, во постапка пред надлежните судови се јавува во својство на тужител или тужена странка. Според прегледот доставен од Секторот за нормативно правни работи, ревизијата обелоденува дека министерството се јавува како тужител во 15 управни постапки, а во 37 судски постапки и 15 управни спорови како тужена страна.

[2] Извршна исправа е секоја правосилна одлука по која поминал рокот за доброволно исполнување на обврската

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**Сметка на основен буџет (637)**

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2015 **година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2015** | **2014** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | **3.1** | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1 | 14.998.576 | 14.396.750 |
| **Вкупно приходи** | | **14.998.576** | **14.396.750** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2** | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1 | 129.347 | 129.110 |
| Стоки и услуги | 3.2.2 | 635.155 | 499.010 |
| Тековни трансфери до единиците за локална самоуправа | 3.2.3 | 12.863.000 | 12.582.639 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4 | 594.935 | 437.849 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **14.222.437** | **13.648.608** |
| **Капитални расходи** | **3.3** | | |
| Капитални расходи | 3.3.1 | 776.139 | 748.142 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **776.139** | **748.142** |
| **Вкупно расходи** | | **14.998.576** | **14.396.750** |

**Сметка на основен буџет (637)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1** | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1 | 1.811 | 1.692 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2 | 9.356 | 21.828 |
| **Вкупно тековни средства** | | **11.167** | **23.520** |
| **Постојани средства** | **4.2** | | |
| Материјални средства | 4.2.1 | 76.478 | 77.794 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.2.2 | 1.106.023 | 1.106.023 |
| **Вкупно постојани средства** | | **1.182.501** | **1.183.817** |
| **Вкупна актива** | | **1.193.668** | **1.207.337** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 19 | 13.535 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2 | 11.148 | 9.985 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **11.167** | **23.520** |
| **Долгорочни обврски** | **4.4** | **1.106.023** | **1.106.023** |
| **Извори на средства** | **4.5** | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1 | 76.478 | 77.794 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **76.478** | **77.794** |
| **Вкупна пасива** | | **1.193.668** | **1.207.337** |

| | | |
|---|---|---|
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА | | |
| **Сметка на основен буџет (637)** | | |
| | | |
| | | |
| ПРЕГЛЕД | | |
| НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2015 ГОДИНА | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | **во 000 денари** |
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
| | | |
| **Состојба 01.01.2015 година** | 77.794 | 77.794 |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **1.478** | **1.478** |
| Набавки во текот на годината | 1.392 | **1.392** |
| Преотстапени средства на МОН | 86 | **86** |
| | | |
| | | |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **2.794** | **2.794** |
| | | |
| Пренос на градежен објект на ДПИ | 781 | **781** |
| Амортизација за тековната година | 2.013 | **2.013** |
| | | |
| **Состојба 31.12.2015 година** | **76.478** | **76.478** |
| | | |

Република Македонија
**Министерство за образование и наука**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
29.08.2016
12-85/19


**Министерство за образование и наука**

Бр. 21-10761/2
26-08-2016 год

ул. Св.Кирил и Методиј бр.54
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. (02) 3117 896
Факс: (02) 3118 414

Веб страна: www.mon.gov.mk


МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

**До:**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Ул. „Македонија„ бр.12/3**
**СКОПЈЕ**

**ПРЕДМЕТ: Известување**
**ВРСКА: Ваш бр. 12–85/17 од 25.07.2016 година**

Почитувани,

Од ваша страна на 26.07.2016 година беа доставени Нацрт извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2015 година во Министерството за образование и наука заведен под бр.10761/1.

Согласно член 30 став 2 од Законот за ревизија МОН ги доставува забелешките по наодите и препораките искажани во Нацрт извештајот.

Министерството за образование и наука со внимание го разгледа Нацрт извештаите и делумно ги прифаќа дадените препораки.

Во прилог на наведените цели на ревизијата, Министерството за образование и наука, ве известува дека како во текот на вршење на ревизијата така и после завршување на истата презема активности за спроведување на дадените препораки :

**Точка 4.1.1.**

- Во однос на наодот од точка 4.1.1. и 4.2.3. ве известуваме дека според документацијата со која располага МОН сите вработени во МОН се евидентирани во електронскиот систем за евиденција, имаат формулари за оценување и решенија за годишен одмор. Поради утврдените недостатоци во постоечкиот електронски систем поради кои ревизијата дошла до ваков заклучок

во МОН во тек е постапка на јавна набавка на нов електронски систем за евиденција со кој ќе се отстранат констатираните состојби.

**Точка 4.2.1.**

- Во врска со наодот 4.2.1 став 2 алинеја 2 сакаме да напомeнеме дека со процената направена од страна на Бирото за судски вештачења за објектот КАМПУС 4 и градежното земјиште на ул. Железничка 6б на КП 1072/3, каде е сместен ДУ Гоце Делчев под закуп не се превземени никакви финансиски или други обврски кон сопственикот на објектот и земјиштето, со што би се оштетил буџетот на РМ. Имено согласно член 68 од деловникот за работа на Влата на РМ сите материјали кои се доставуваат на Владата за разгледување, утврдување, односно донесување, а имаат фискални импликации задолжително се доставуваат на мислење до Министерство за финансии. Со цел утврдување на фискалните имликации, од страна на Бирото за судски вештачења, направена е споменатата процена.

- Во врска со наодот 4.2.1 став 2 алинеја 3 ве известуваме дека Информација – Предлог –одлука за набавка на недвижна ствар – објект и земјиште со бр. Дов.06-01/1 од 02.01.2014 год е доставена до Министерството за финансии за мислење, а согласно член 3 и 8 од Правилник за начинот, формата и содржината на евиденција на недвижни ствари - сопственост на Република Македонија, што државните органи престанале да ги користат и евиденција за потребите од користење на недвижни ствари на државните органи ( Сл.весник на РМ бр.59/2005) податоците од евиденцијата на недвижните ствари што државните органи престанале да ги користат, се внесуваат во посебна книга за евиденција која се води и се чува во посебна архива на Министерството за финансии - Управата за имотно-правни работи. Во мислењето од Секретаријат за законодавство бр. .07-1/2 од 14.01.2014 год.(во прилог) по однос на горенаведената информација е наведено „Освен тоа, по однос на оправданоста за престанување на важечката одлука и донесување на предметната одлука укажуваме дека ќе треба да се има во предвид

мислењето на Министерство за финансии-Управа за имотно-правни работи." Согласно горенаведеното, а имајќи го во предвид фактот дека мислењето од Министерството за финансии со нивен бр.2792/1 од 27.01.2014 год. (во прилог) е позитивно евидентно е дека Република Македонија не располага со недвижност која државните органи не ја користат поради што не постои можност да се пристапи кон проверка дали некоја недвижност ги задоволува потребите на универзитетот. Фактот дека ДУ Гоце Делчев распишал јавен повик за закуп на недвижен имот и притоа склучил договор за закуп на простор на ул. Железничка бб (простор кој е предмет на одлуката за набавка на недвижна ствар), кој закуподавачот го адаптирал за потребите на универзитетот, е исто така само по себе анализа дека Република Македонија не располага со недвижнина која ги задоволува потребите на универзитетот.

- Во врска со наодот 4.2.1 став 2 алинеја 4 сакаме да известиме дека Одлуката за набавка на недвижна ствар-објект со дворно место (земјиште) бр.41-5172/4 од 24 јули 2012 год. не е спроведена со што не е оштетен буџетот на РМ, и истата престанува да важи со одлука бр. дов. 4/1 од 27.01.2014 год.

- Во врска со наодот 4.2.1 став 2 алинеја 5 Ве известуваме дека е постапено и е склучен Анексот договор заведен под бр.08-11704 (копиа во прилог1) и Барање до Агенција за катастер на недвижности бр.08.11719/2 од 25.08.2016 год.

- Во врска с.о наодот 4.2.1 став 3 напоменуваме дека целосно се почитувани законските одредби (види коментар по наод 4.2.1 став 2 алинеја 2, наод 4.2.1 став 2 алинеја 3 и наод 4.2.1 став 2 алинеја 4) со што буџетските средства се потрошени рационално, економично и ефикасно. Имено согласно процената на Бирото за судски вештачења бр. СВ IV 1372-1/2012 од април 2012 година вкупната проценета вредност на објектот и градежното земјиште изнесува 1.742.318,9 Евра односно 107.257.152,4 ден. според среден курс на НБРМ на 11.04.2012 година, а склучениот договор за купопродажба

на недвижна ствар е во вредност од 97.969.500 ден. (Прилог 1)

**Точка 4.2.2.**

- Во врска с.о наодот 4.2.2. став 1 алинеја 1 Ве известуваме дека со Имотен лист бр. 9099 за КО Центар 1 запишано е корисничкото право на Министерството за образование и наука за недвижниот имот дадени со Одлука на влада на РМ. Со решение од министерот бр.08-11400/1 од 19.08.2016 формирана е комисија за примопредавање на недвижна ствар. Примопредавањето е во тек а за истото дополнително ќе ви биде доставена копија од записникот за примопредавање на објектот.

- Во врска с.о наодот 4.2.2. став 1 алинеја 2 ве известуваме дека со Имотен лист бр. 53637 за КО Центар 1 запишано е корисничкото право на Министерството за образование и наука за дел од недвижните ствари во зграда 1, подрум и дел од приземје. До Службата за општи и заеднички работи при Владата на Република Македонија доставено е барање за утврдување на вредноста на истите со цел да може сметководствено да се евидентираат како сопственост на МОН. (Прилог 2)

**Точка 4.2.4.**

- Во врска со наодот 4.2.4 став 1 алинеја 2 Ве известуваме дека согласно член 10 од Законот за трансформација во редовен работен однос (Сл.весник бр. 20/2015 и 44/2015) ограничувањата од членовите 8 и 9 од овој закон (за бројот на ангажирани лица и ангажирање на лица над утврдениот процент и со поголемо времетраење од предвиденото по претходно обезбедена согласност од Министерството за финансии) не се однесуваат на лицата ангажирани на проекти и проектни единици финансирани од странски извори - заеми и донации. Имено проектот за изградба и опремување на 145 спортски сали во најголем дел е кофинансиран од два заеми од Банката за Развој при Советот на Европа (ЦЕБ) кои се однесуваат на финансирање на изградба на спортски сали во средните училишта и за изградба на спортските сали во основните училишта и рехабилитација на основни и средни училишта за што во

прилог Ви доставуваме копие од договор за заем FP 1732 (2011) и договор за заем FP 1611 (2007). Согласно член 17 став 1 од Законот за извршување на буџетот за 2015 година обезбедени се финансиски средства во за ангажирање на лица за потребите на проектот изградба и опремување на 145 спортски сали. Во член 17 став 2 од Законот за извршување на буџетот за 2015 година е утврдено дека Министерството за финансии во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето за вработување на нови работници, писмено ги известува буџетските корисници за обезбедените финансиски средства за бараните вработувања, но напоменуваме дека лицата во проектната единица за изградба и опремување на 145 спортски сали не се вработени туку истите се ангажирани. Согласно член 51 од Законот за буџетите, Министерството за финансии по прием на барањето за вработување ги известува институциите за обезбедени средства за вработување за што уште еднаш напоменуваме дека лицата во проектната единица за изградба и опремување на 145 спортски сали не се вработени туку истите се ангажирани.

Согласно позитивни законски прописи за ангажирање на лица со кои се склучува договор за дело не е утврдено дека е законска обврска да се објави оглас. Исто така сите ангажирани лица со кои се склучени договори за дело за Проектот за изградба и опремување на 145 спортски сали ги исполнуваат условите од огласот за што во текот на ревизијата Ви беа доставени копии од огласите, одлуките за формирање комисии за избор, извештаите од комисиите како и одлуките за избор.

- Во врска со наодот 4.2.4 став 1 алинеја 3 за лицата ангажирани на Проектот изградба и опремување на 145 спортски сали Ве известуваме дека Министерството постапи по Вашите наоди при што за 8 лица од месец јуни 2016 Министерството за образование и наука ја следи редовноста со своерачно потпишување за што Ви доставуваме копие од листата, за 4 лица доставуваат месечни извештаи (копие во прилог) и со 1 лице на 30.06.2016 год. е истечен договорот за дело. (Прилог 3)

**Точка 4.2.5,**

- Во врска со наодот 4.2.5, став 1 алинеја 1 Ве известуваме дека во 2013 година склучени се Анекси на договорите бр.18-371/58 од 20.07.2010 (со Арс Ламина ДОО-Скопје), бр. 18-371/57 од 09.07.2010 (со Еуро Партнер Груп ДОО-Скопје) и бр.18-371/55 од 24.06.2010 (со Датапонс ДООЕЛ-Скопје) со кои динамиката, рокот и начинот на испорака се продолжуваат до 2016 година согласно член 26-а од Законот за јавните набавки. За склучување на овие анекси добиено е одобрение на Владата на Република Македонија на 12.03.2013 (Извадок од нацрт-записникот од 125 седница бр. 41-1379/1 од 12.03.2013 година), а по претходно позитивно мислење на Министерството за финансии (бр.07-9897/2, 07-9835/2 од 07.03.2013). Членот 116 од Законот за јавните набавки се однесува на рамковна спогодба и договорите кои се доделуваат врз основа на рамковна спогодба. Овие договори не се доделени врз основа на рамковна спогодба. Со оглед на тоа нема прекршување на член 116 од ЗЈН.

  (прилози: Информација, Извадок од нацрт- записникот од 125 седница бр. 41-1379/1 од 12.03.2013 година, Мислење од Министерството за финансии (бр.07-9897/2, 07-9835/2 од 07.03.2013)

- Во врска со наодот 4.2.5, став 1 алинеја 3 Ве известуваме дека дека Министерството за образование и наука, по препораките на Државен завод за ревизија, во сите нови Одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движини ствари (книги од проектот "Превод на 500 стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети во САД и Англија, а од обласата на правото во Франција и Германија") ја наведува и вредност на единечната цена на учебникот (книгата).
  Во прилог Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движини ствари на "Архитектонски факултет" при Универзитет "Св.Кирил и Методиј" Скопје, донесена од страна на Владата на Република Македонија и објавена во Службен весник бр.158/2016.
  Исто така министерството веќе почна со склучување на договори за давање на трајно користење на движни ствари (стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети

во САД и Англија, а од областа на правото во Франција и Германија) и со високообразовните институции. (Прилог 4)

**Точка 4,2,6.**

Во врска со наодот 4,2,6 Ве известуваме дека :

- изготвен е нов Правилник за утврдување на начинот на упатување на службен пат, начинот на пополнување и одобрување на патните налози и утврдувањето износи на дневници и превозни и други трошоци за извршени службени патувања во земјата и во странство на вработените во Министерството за образование и наука и други службени лица, бр. 08-11308/1 од 17.08.2016 година.
- за трошоци за репрезентација изготвено е ново Решение за утврдување право на користење репрезентација бр. 08-11309/1 од 17.08.2016 година.

-за користење на такси превоз за службени цели и одобрување на надминат дозволен лимит на месчната сметка на службениот мобилен телефон донесена е Наредба за постапување бр. 08-9422/1 од 23.06.2016 година. (Прилог 5)

**Точка 4.2.7.**

- По однос на забелешките во делот кај Набавени лаборатории за потребите на Универзитетот Св. „Климент Охридски – Битола, во став 2, алинеја 1, Министерството за образование и наука немаше склучено Договор за користење на движни ствари без надомест со Високата медицинска школа – Битола бидејќи во Одлуката која беше донесена стоеше дека Министерството за образование и наука треба да склучи Договор со деканот на Високата медицинска школа (прилог копија од Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Високата медицинска школа – Битола бр.41-4073/1 од 29.05.2012 година во Службен весник на Република Македонија бр.69/12) а согласно статутот на Високата медицинска школа – Битола, одговорното лице кое ги потпишува договорите е директорот. Поради тоа министерството изготви Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни

ствари на Високата медицинска школа – Битола (прилог копија од Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Високата медицинска школа – Битола) која е во владина процедура. По излегувањето на Одлуката во Службен весник на Република Македонија, министерството за образование и наука веднаш ќе изготви Договор за користење на движни ствари без надомест и истиот ќе го прати до Високата медицинска школа – Битола, заедно со Записник за примопредавање и копија од фактура.

Министерството за образование и наука согласно препораките изготви и прати Договори за користење на движни ствари без надомест на Техничкиот факултет – Битола за Лабораторијата за изучување на странски јазици и Лабораторијата за сообраќај и транспорт (Прилог копија од Договори, копии од записници, копии од фактура и пропратни писма).

- Во алинеја 3 каде што е наведено дека Хемиската лабораторија воопшто не е ставена во употреба и дека носителот на набавката не ги испочитувал обврските од член 5 од Договорот бр. 18-359/29 од 24.06.2011 год. доставуваме (прилог копија од Installation confirmation во која покрај инсталацијата е наведена и обука на вработените со потпис и печат од Високата медицинска школа бр.01-559/1 од 29.12.2011 година).
- Во алинеја 4 каде што е наведено дека Лабораторијата за генетика не е ставена во функција и истата не е доопремена, ви доставуваме (прилог Допис од Ветеринарниот факултет - Битола), со кој се докажува дека факултетот лабораторијата ја има ставено во употреба односно истата ја користи моментално за научно -истражувачки цели а по акредитацијата (која е во тек) истата ќе врши и апликативна дејност.

  За оние лаборатории за кои има договори, согласно препораките министерството испрати копии од фактури (прилог копии од фактури и пропратни писма).
- Согласно препораките во делот кај Набавени лаборатории за потребите на Државниот универзитет Гоце Делчев – Штип, во став 1, алинеја 2, министерството изготви и прати Договори за користење на движни ствари без надомест на Универзитетот Гоце Делчев –

Штип за Лабораторијата за радиофармација, Лабораторијата за микроскопија и електронска микроанализа и Стоматолошката лабораторија за научно истражувачка дејност (Прилог копија од Договори, од записници, копии од фактура и пропратни писма).

За оние лаборатории за кои има Договори согласно препораките министерството испрати копии од фактури (прилог копии од фактури и пропратни писма)

- Согласно препораките во делот кај Набавените лаборатории за потребите на Државниот универзитет во Тетово, министерството испрати копии од фактури за доделените лаборатории (прилог копија од фактури и пропратни писма).
- Согласно препораките во делот кај Набавените лаборатории за потребите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, министерството испрати копии од фактури (прилог копија од фактури и пропратни писма).

По однос на забелешките за осигурување на опремата во согласност со прописите за осигурување, Министерството за образование и наука во Договорите за користење на движни ствари без надомест, во член 9 став 1 алинеја 2, корисниците на движни ствари имаат обврска да ги осигураат движните ствари од секаков вид на штета, кражба или елементарна или временска непогода (прилог Договор за користење на движни ствари без надомест). (Прилог 6)

**Точка 4.3.3.**

- Во врска со наодот 4.3.3. алинеја 1 Ве известуваме дека Министерот со овластување бр. 08-11542/1 од 23.08.2016 година овласти лице времено да ги изврши работите на магационер/домаќин кој ќе ја води евиденцијата на прием и давање на канцелариски материјали, мебел, информатичка опрема и друга опрема на МОН со што Ќе се овозможи навремено евидентирање на набавените материјални средства. (Прилог 7)
- Во врска со наодот 4.3.3. алинеја 1 Ве известуваме дека Набавката за Е-дневник се состои од одржување на системот и изработка на два модули, така да одржувањето се исплака од една ставка

соодветна за тековно одржување,а а модулите од друга соодветна ставка.

**Точка 4.3.5.**

- Во врска со наодот 4.3.5 Ве известуваме дека формирана е комисија со Решение бр. 08-11855 од 24.08.2016 год. за отпис на парични средства доделени како студентски кредити, а кои се ненаплатливи поради застареност на наплатеноста. (Прилог бр 8)

**Точка 4.4.2**

- По однос на забелешката 4.4.2 Комисијата за јавни набавки не побарала согласност од советот. Во член 36-а од ЗЈН не е наведено дека комисијата бара согласност од Советот.
  Во истиот закон е наведено дека Комисијата спроведува Евалуација на понудите, а воедно во член 29 се наведени обврските на Комисијата за ЈН, но во истиот член не е наведено дека Комисијата за ЈН има обврска да се обраќа до Советот за јавни набавки.

**Точка 4.4.3.**

- Во врска со забелешките изнесени во извештајот на Државната ревизија по спроведената ревизија во кој една од забелешките е по спроведената постапка за услуги, која е спроеведена како постапка со преговарање без претходно објавување на оглас, согласно Член 99 Став 1 точка 1 алинеја 2 од Законот за јавни набавки, а пред истата да биде објавена е побарано мислење и од Бирото за јавни набавки бр.09-3327/2 од 09.12.2015 год. односно забелешката е следна :
  “Согласно увидот во целокупната документација, ревизијата не е во можност да се увери во основаноста на причините за измена, односно корекција на Основниот проект ...Ревизијата е на мислење дека се изготвува нов проект кој ке ги опфати сите барања/измени на претходниот проект, кое би значело дека дека договорниот орган трбало да спроведе јавна набака со отворена постапка со што би обезбедил транспарентност и конкурентност согласно Законот за јавни набавки . Ваквата состојба не е во согласност со

Член 2 од Законот за јавни набавки преку која се обезбедува конкуренција мегу економските оператори и транспарентност ..и член 99 точка 6 во која комисијата за јавни набавки дава детално образоложение за причините за спроведување на постапката"

Образложението за наведената постапка е наведено во барањето, но пропуштено е да се стави и деталното образложение од анализите за инвестиционата вредност на првичниот проект кој беше со проценетат вредност од 8.000.000,00 ден. Од страна на стручни лица од одделението за инвестиции направена е анализа за причините за високата цена на реализацијана наведениот објект и констатирано беше дека голем дел од средствата се поради паркингот (број на паркинг места се утвредни со Извод од ДУП и Правилник) кој за да го задоволи нормативот се планирал на -2 нивоа, односно на кота од -4.90 м, а со оглед на тоа што подземните води (видно од елаборатот за геомеханички и хидрогеолошки истражни работи ) котат на подземна вода е на -5.30 м, па поради тоа темелните плочи (бетон, арматура, водоотпорни перепарати и технологија за изведба во средина каде има присуство на подземна вода) беа главни причини за високата цена на објектот, а истото беше презентирано на претпоставените.

Со оглед на тоа што проектот беше изготвен од страна на правно лице кое воедно е автор на проектот, а согласно со член 99 став 1 точка 1 алинеја 2 од законот, договорниот орган спроведува постапка со преговарање без претходно објавување на оглас за набавка на стоки, работи и услуги кога:

- од технички или уметнички причини, односно од причини врзани за заштита на ексклузивните права (патенти и слично), договорот може да го изврши само одреден економски оператор.

Согласно наведеното авторот на првичниот проект има право да изврши промени со цел да се се добие поекономичен проект. Преработката на проектната документација не е едноставно бришење на едно-две нивоа по хоризонтала, се преработуваат сите фази (архитектура, статика, електрика, машинство, водовод и канализација и сите пратечки елаборати) односно со преработката се препроектирани 6887.83 м2 за објектот

СД ; 1804 м2 за гаража (проектирана како надземен објект од П+2 од челични профили монтажен систем) и спортски објект од 484м2.

Доказ дека проценката за преработка е точна е и спроведената јавна набавка Оглас бр 22/2016 (согласно преработениот проект), по кој оглас по завршена евалуација и е-аукција на која учествуваа 6 економски оператори е постигната цена од 203,431.631,00 ден со ДДВ ( 3.3 милиони евра).

Согласно наведеното сметаме дека не е направена повреда на ЗЈН , освен што во досието на барањето е пропуштено да се приложат анализите кои се наравени за намалување на вредноста на објектот при градба . Исто така напменуваме дека видно од спроведената ЈН Оглас бр 22/2016 (согласно преработениот проект) имаме заштеда од 4,7 милиони евра, што значи дека констатциите во образложението дека со корекција на првично изготвената проектната документација која имаше проценета вредност од 8 милиони ЕУР ке се намали вредноста на објектот доколку се препроектира објектот се точни.

Во случај на спроведување на Отворен повик за нова набавка, новоизбраниот проектант може да предложи нова организација на сместувачкиот дел, друг начин на конструктивно решение, различно архитектонско обликување, различни матерјали и сл, а проценката на проектираниот објект се пресметува по завршен проект (со сите фази), па повторно треба да се прават анализи кои елементи и позиции ја зголемуваат проектанската вредност и повторно треба да се бара преработка.

**Точка 4.3.6. и 4.3.7.**

- Во врска со водењето на сметководствената евиденција ве известуваме дека во тек е спроведување на постака за јавна набавка на нов софтвер за систем за материјално финансиско работење.

**Сметка 787-36**

**Точка 3.1.1.**

- Во врска со наодот 3.1.1. Ве известуваме дека донесени се Правилник за висината на надоместокот на трошоците

во постапката за нострификација врз основа на направените реални (за основно образование). Правилникот е објавен во Службен весник бр.130/2016 од 13.07.2016

- Во врска со наодот 3.1.1. Ве известуваме дека донесени се Правилник за висината на надоместокот на трошоците во постапката за нострификација врз основа на направените реални (за средно образование). Правилникот е објавен во Службен весник бр.130/2016 од 13.07.2016

**Точка 3.1.2.**

- Во врска со наодот 3.1.2. Ве известуваме дека со Решение бр, 20-11642 од 24.08.2016 година извршена е измена на Комисијта за нострификација и еквиваленција нс свидетелства и дипломи од основно и средно образование со кое е номиниран нов член кој ги исполнува условите согласно Законот за основно образование. (Прилог 9).

Се надеваме дека горенаведените забелешки ќе бидат земени во предвид при изработка на Конечниот извештај од Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2015 година во Министерството за образование и наука и истите нема да бидат опфатени во Конечниот ревизорски извештај.

Со почит,

**Министер**

**Pishtar Lutfiu**

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 29.08.2016 година добиени се забелешки на Нацрт извештаите за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2015 година на Министерството за образование и наука бр. 21-10761/2 од 26.08.2016 година, од раководното лице Пиштар Лутвиу, министер, заведени во Државниот завод за ревизија под број 12-85/19 од 29.08.2016 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

**Сметка на основен буџет (637)**

1. Забелешката на констатираните состојби во **точките 4.1.1. и 4.2.3** кои се однесуваат на непочитување на процедурата за пресметка и исплата на плати и целосно функционирање на системот на електронска евиденција, **не се прифаќа**, поради недоставени дополнителни докази кои ќе ги оспорат констатациите во наодите и воедно претставува потврда на утврдените состојби од страна на ревизијата. Во забелешката е наведено дека министерството има недостатоци во постоечкиот електронски систем, состојба која е веќе констатирана во наодот и известува дека се преземени активности во насока на набавка на нов електронски систем со цел надминување на констатираните состојби и пресметка на плата врз основа на електронската евиденцијата за реално одработените часови и присуство на работа, согласно законските одредби.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.1. став 2 алинеја 2,** која се однесува на започнати активности од страна на министерството за набавка на објект и земјиште без Владата на РМ да донесе Одлука за набавка на недвижни ствари, **се прифаќа**, поради доставени дополнителни докази дека министерството не преземало никакви финансиски или други обврски кон сопственикот на објектот и земјиштето, иако е направена процена од Бирото за судски вештачења за утврдување на фискалните импликации.

3. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.1. став 2 алинеја 3,** која се однесуваа на необезбедена документација со која ќе се потврди дека министерството има направено анализа за тоа дали Република Македонија не располага со недвижност која би ги задоволила потребите за кои се предлага

набавката на недвижни ствари – објект за сместување на универзитетот пред да поднесе предлог за набавка на недвижни ствари, **се прифаќа**, поради дополнително доставеното мислење од Секретаријатот за законодавство бр.07-1/2 од 14.01.2014 година и мислење од Министерството за финансии – Управа за имотно правни односи бр.2792/1 од 27.01.2014 година по однос на оправданоста за престанување на важење на Одлуката бр.41-5172/4 од 24 јули 2012 година и донесување на Предлог - одлуката бр.06-01/1 од 02.01.2014 година за набавка на недвижни ствари – објект.

4. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.1. став 2 алинеја 4,** која се однесуваа на недоследностите околу донесување на Одлуката бр.41-5172/4 од 24 јули 2012 година за набавка на недвижни ствари – објект со дворно место (земјиште) за потребите на министерството за сместување на ДУ Гоце Делчев – Штип, **не се прифаќа**, поради недоставени дополнителни докази кои ќе ја оспорат констатираната состојба. Во забелешката е наведено дека Одлуката не е спроведена со што не е оштетен буџетот на РМ и истата престанува да важи, што не ја оспорува констатацијата дека Одлуката за набавка на недвижни ствари – објект со дворно место (земјиште) без обезбедени средства од буџетот на министерството е донесена спротивно на одредбите од член 10 став 1 од Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост.

5. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.1. став 2 алинеја 5,** која се однесува на непочитување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост каде со стварите во државна сопственост што ги користат државните органи од името на РМ располага Владата на РМ, **претставува известување** за преземени мерки за надминување на состојбата. Министерството има склучено Анекс 1 на Договорот за купопродажба на недвижни ствари и земјиште бр.08-11719/1 од 25.08.2016 година во кој е наведено дека купувач е Република Македонија и доставено е Барање до Агенцијата за катастар на недвижности бр.08-11719/2 од 25.08.2016 година за запишување на промена во катастарот на недвижности и во имотниот лист. Наведената соостојба е соодветно обелоденета во конечниот извештај.

6. Забелешката на констатираната состојба изнесена во **точката 4.2.1 став 3,** која се однесува на ефектот од утврдените недоследности при постапката за набавка на недвижни ствари, **се прифаќа,** поради делумно преземени мерки од страна на министерството и истиот нема да биде дел од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

7. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.2. став 1 алинеја 1,** која се однесува на неевидентиран недвижен имот во деловните книги на

министерството, кој е даден на трајно користење на министерството со Одлука на Владата на РМ бр.42-1950/1 и бр.42-1950/2 од 03.03.2015 година, **претставува известување** за преземени активности и активности кои треба да бидат преземени во иднина за спроведување на дадената препорака. Во забелешката е наведено дека со решение од министерот бр.08-11400/1 од 19.08.2016 година формирана е комисија за примопредавање на недвижните ствари, а по извршеното примопредавање треба да следи нивно сметководствено евидентирање.

8. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.2. став 1 алинеја 2,** која се однесува на неевидентиран недвижен имот во деловните книги на министерството, кој е даден на трајно користење на министерството со Одлука на Владата на РМ бр.42-929/1 од 17.02.2015 година, **претставува известување** за преземени активности и активности кои треба да бидат преземени во иднина за спроведување на дадената препорака. Во прилог на забелешката доставен е одговор од Владата на РМ - секретаријат за законодавство бр.09 - 5162/2 од 15.08.2016 година, допис до Агенцијата за катастар на недвижности бр.20-11290/1 од 16.08.2016 година за премер на предметната недвижност, Имотен лист бр. 53637 за КО Центар во кој е запишано корисничкото право на министерството за дел од недвижните ствари во зграда 1, подрум и дел од приземје. По спроведените активности, потребно е да се утврди вредноста на недвижниот имот и истиот сметководствено да се евидентира во деловните книги на министерството.

9. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.4. став 1 алинеја** 2, која се однесува на ангажирање на лица во проектна единица без добиена согласност од страна на Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства, **не се прифаќа,** поради недоставени дополнителни докази кои ќе ја оспорат констатираната состојба. Во забелешката се наведува Законот за трансформација во редовен работен однос кој ги исклучува лицата ангажирани на проекти и проектни единици финансирани од странски извори - заеми, но не ја оспорува констатираната состојба на необезбедена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства на сметката на основен буџет за ангажирање на лица за вршење на привремени работи во проектната единица согласно Законот за буџетите и Законот за извршување на буџет за 2015 година. Во делот кој се однесува на постапката на избор на дел од лицата кои се ангажирани во проектната единица, **не се прифаќа**, поради недоставени дополните докази кои ќе ја оспорат констатираната состојба. Во забелешката е доставена документацијата (огласи, одлуки за формирање за избор, извештаи од комисиите како и одлуките за избор) која ревизијата ја

имаше во предвид при утврдување на наведената состојба, но која се однесува само за дел од избраните кандидати.

10. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.4. став 1 алинеја 3,** која се однесува на недоставени докази за извршување на работите и работните задачи на лицата ангажирани во проектната единица, **претставува известување** за преземени активности и активности кои треба да бидат преземени во иднина за спроведување на дадената препорака. Во прилог на забелешката, за 8 лица се доставени листи за редовност за месеците јуни, јули и август 2016 година од кои може да се констатира дека дел од лицата не се евидентираат ниту доставуваат месечни извештаи за извршената работа.

11. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.5. став 1 алинеја** 1, која се однесува на склучените анекс договори за набавка на превод со откупени авторски права, стручна редактура, лектура, компјутерска обработка, печатење и дистрибуција на 500 книги/учебници на македонски и албански јазик, со кои динамиката, рокот и начинот на испорака се продолжуваат до 2016 година, **се прифаќа,** поради доставениот дополнителен доказ, одобрение на Владата на РМ (Извадок од нацрт – записникот од 125 седница бр. 41-1379/1 од 12.03.2013 година, а по претходно мислење на Министерството за финансии за промена на динамиката на реализација и плаќање на обврските од склучените договори за јавни набавки. Наведената состојба нема да биде дел од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

12. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.5. став 1 алинеја** 3, која се однесува на несклучување договори со институции и установи на кои им се дадени книги/учебници на трајно користење без надомест, **претставува известување** за започнати активности за спроведување на дадената препорака. Во прилог на забелешката доставена е Одлука бр. 42-6093/1 од 17.08.2016 година за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Архитектонски факултет - Скопје во која се наведени единечните цени на секој учебник/книги. Исто така, министерството започнало со активностите околу склучување на договори за давање на трајно користење на движни ствари, за што во прилог се доставени 4 договори. За спроведување на препораката, министерството е потребно да склучи договори за примопредавање на движните ствари со сите институции и установи на кои им се дадени книгите/учебниците на трајно користење и да им се достави потребната документација за нивна сметководствена евиденција.

13. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.6** која се однесува направени расходи за хотелско сместување, репрезентација, и такси превоз без

соодветна поткрепувачка документација, **претставува известување** за преземени мерки и активности во насока на надминување на констатираната состојба. Министерството донело Правилник за утврдување на начинот на упатување на службен пат, начинот на пополнување и одобрување на патните налози и утврдувањето износи на дневници и превозни и други трошоци за извршени службени патувања во земјата и странство на вработените во министерството и други службени лица бр. 08-11308/1 од 17.08.2016 година, Решение за утврдување на право на користење на репрезентација бр.08 – 11309/1 од 17.08.2016 година и Наредба за постапување за користење на такси превоз за службени цели и одобрување на надминат дозволен лимит на месечната сметка на службениот мобилен телефон бр. 08-9422/1 од 23.06.2016 година, по кои во наредниот период треба да постапуваат при признавање на направените расходи. Наведената соостојба е обелоденета во конечниот извештај, а дадената препорака е соодветно изменета.

14. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.7 во делот на набавени лаборатории за потребите на Универзитетот Св."Климент Охридски - Битола, став 2 алинеја 1,** која се однесува на несклучување договори со дел од факултетите и Високата медицинска школа – Битола за испорачаната опрема, **претставува известување** за преземени активности и активности кои треба да бидат преземени во иднина за спроведување на дадената препорака. Во прилог на забелешката, министерството има доставено договори кои се изготвени и испратени до Техничкиот факултет - Битола на 22.08.2016 година, за лабораторијата за изучување на странски јазици и лабораторијата за сообраќај и транспорт, но истите не можат да се сметаат за склучени бидејќи не се верификувани од двете договорени страни. Во однос на опремата што е испорачана на Високата медицинска школа – Битола, министерството ги објаснува причините за неможноста да се склучи договор со Високата медицинска школа, поради грешка во Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Високата медицинска школа – Битола бр.41-4073/1 од 29.05.2012 година, каде што е наведено дека министерството треба да склучи договор со деканот наместо со директорот на Високата медицинска школа. Поради тоа, министерството во август 2016 година, изготвило Предлог – Одлука за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Високата медицинска школа - Битола која е во владина процедура, по што ќе следат понатамошни активности.

15. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.7 во делот на набавени лаборатории за потребите на Универзитетот Св."Климент Охридски - Битола, став 2 алинеја 3,** која се однесува на хемиско биохемиската

лабораторија која воопшто не е ставена во употреба, **не се прифаќа,** поради тоа што доставениот доказ ревизијата го имаше во предвид при утврдување на наведената состојба. Во прилог на забелешката е доставена Потврда за инсталација, која не ја оспорува констатација на ревизијата од извршениот теренски увид дека лабораторијата не е ставена во употреба.

16. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.7 во делот на набавени лаборатории за потребите на Универзитетот Св."Климент Охридски - Битола, став 2 алинеја 4**, која се однесува на лабораторијата за генетика која воопшто не е ставена во употреба, **не се прифаќа,** поради тоа што доставениот допис од Ветеринарниот факултет – Битола дека лабораторијата е во функција не ја оспорува констатирана состојба од извршениот теренски увид на ревизијата дека лабораторијата не е ставена во употреба и е потребно нејзино доопремување, за непречено функционирање на една лабораторија од ваков вид за што во 2015 година, факултетот има спроведено јавна набавка на соодветна апаратура за дополнителни 19 дела со цел нејзино ставање во функција.

17. Забелешката на препораката во **точката 4.2.7 во делот на набавените лаборатории за потребите на ДУ Гоце Делчев – Штип, став 1 алинеја 2,** која се однесува на несклучување договори за испорачаната опрема, **претставува известување** за преземени активности и активности кои треба да бидат преземени во иднина за спроведување на дадената препорака. Во прилог, министерството има доставено договори кои се изготвени и испратени до ДУ Гоце Делчев - Штип на 22.08.2016 година, за лабораторијата за радиофармација, лабораторијата за микроскопска и електронска микроанализа и стоматолошка лабораторија за научно истражувачка дејност, но истите не можат да се сметаат за склучени бидејќи не се верификувани од двете договорени страни. По нивното стапување во сила, корисниците на опремата, истата треба сметководствено да ја евидентираат согласно дополнително испратената документација и да ја осигурат во согласност со прописите за осигурување.

18. Забелешката на препораката во **точката 4.2.7 во делот на набавените лаборатории за потребите на Универзитетот во Тетово,** која се однесува на сметководствено и материјално неевидентирање на опремата од страна на корисниците на опремата, **претставува известување** за преземени активности и активности кои треба да бидат преземени во иднина за спроведување на дадената препорака. Во прилог, доставени се пропратни писма од 23.08.2016 година со фактурите за вредноста на испорачаната опрема кои се испратени до Универзитетот во Тетово, по што треба да истата сметководствено да се евидентира и осигура во согласност со прописите за осигурување.

19. Забелешката на препораката во **точката 4.2.7 во делот на набавените лаборатории за потребите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство - Скопје,** која се однесува на несоодветно сметководствено и материјално евидентирање на опремата од страна на корисниците на опремата, **претставува известување** за преземени активности и активности кои треба да бидат преземени во иднина за спроведување на дадената препорака. Во прилог, доставени се пропратни писма од 23.08.2016 година со фактурите за вредноста на испорачаната опрема кои се испратени до факултетот, по што истата треба сметководствено да се евидентира и осигура во согласност со прописите за осигурување.

20. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.7** која се однесува на неосигурување на опремата во согласност со прописите за осигурување**, не се прифаќа,** поради недоставени дополнителни докази кои ќе ја оспорат констатираната состојба. Во прилог на забелешката доставен е Договор за користење на движни ствари без надомест во кој е наведено дека корисниците на опремата имаат обврска да ги осигураат движните ствари од секаков вид на штета, кражба или елементарна временска непогода, но ако се земе во предвид дека дел од договорите воопшто не биле склучени или склучени неколку години по испораката на опремата, како и немањето податоци за вредноста на опремата, се главните причини поради кои корисниците на опремата немале можност истата да ја осигурат.

21. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.3 став 1** која се однесува на несоодветниот начин на евидентирање на материјалните средства, **претставува известување** за преземени активности и активности кои ќе бидат преземени во иднина за спроведување на дадената препорака. Министерот со овластување бр. 08-11542/1 од 23.08.2016 година овластил лице времено да ги извршува работите на магационер/домаќин кој ќе ја води евиденцијата на прием и давање на канцелариски материјали, мебел, информатичка опрема и друга опрема на министерството што треба да овозможи навремено и соодветно материјално и сметководствено евидентирање на набавените средства.

22. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.3 став 3** која се однесува на несоодветно евидентирање на нематеријалните средства, **не се прифаќа,** поради недоставени дополнителни докази кои ќе ја оспорат констатацијата во наодот и воедно претставуваат потврда на утврдените состојби од страна на ревизијата.

23. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.5** која се однесува на реалноста и објективноста на искажаниот износ на позицијата Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата, по основ на доделени студентски кредити од 1996 до 2010 година, **претставува известување** за преземени активности и активности кои ќе бидат преземени во иднина за спроведување на дадената препорака. Министерот со Решение бр.08-11655 од 24.08.2016 година формирал Комисија за отпис на паричните средства доделени како студентски кредити, а кои се ненаплатливи заради застареност на наплатеноста, по што треба да следат активности за утврдување на реалната состојба по студенти кои ги исполниле условите за целосно или делумно ослободување, како и испитување на старосната структура на секое поединечно побарување со цел да се преземат соодветни мерки за застарените, а ненаплатени побарувања.

24. Забелешката на констатираните состојби во **точките 4.3.6 и 4.3.7** кои се однесуваат на непреземените активности и мерки за наплата на побарувањата од вработените и нивно раздолжување во законски утврдениот рок, како и неевидентирањето на преземените обврски во сметководствената евиденција, **не се прифаќа,** поради недоставени дополнителни докази кои ќе ја оспорат констатацијата во наодот и воедно претставуваат потврда на утврдените состојби од страна на ревизијата.

25. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.4.2** која се однесува на непобарана согласност од Советот за јавни набавки пред објавување на оглас за јавни набавки**, не се прифаќа,** поради недоставени дополнителни докази кои ќе ја оспорат констатацијата во наодот и воедно претставуваат потврда на утврдените состојби од страна на ревизијата. Во забелешката министерството се повикува на член 36-а каде што е дефинирано дека договорниот орган задолжително бара согласност од Советот пред да го објави огласот за јавна набавка, но не е земен во предвид член 36 - а став 3, со кој лицата што ги дефинираат техничките спецификации и критериумите за утврдување на способност треба да достават извештај до одговорно лице со предлог во смисла за потребата од обезбедување на согласност од советот. Во функција на допрецизирање во Конечниот извештај ќе стои само членот 36-а без повикување на ставови.

26. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.4.3** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на Склучен договор бр.19-91/1 од 05.01.2016 со економскиот оператор за Корекција на проектната документација, **не се прифаќа**, поради недоставени дополнителни докази кои ќе ги оспорат констатациите во наодот и воедно претставува потврда на утврдената состојба од страна на ревизијата. Во

забелешките се дадени образложенија кои не влијаат на промена на состојбите во наодот и истите беа констатирани во текот на извршувањето на ревизијата.

**Сметка – Нострификација на дипломи за основно и средно образование (787-36)**

27. Забелешките на констатираните состојби во **точката 3.1.1** кои се однесуваат на недонесен акт за утврдување на висината на надоместокот на трошоците во постапката за нострификација, **претставува известување** за преземени мерки за надминување на состојбата. Од страна на министерството донесени се Правилник за висина на надоместокот на трошоците во постапката за нострификација за основно образование и Правилник за висина на надоместокот на трошоците во постапката за нострификација за средно образование и истите се објавени во Сл. Весник бр.130/2016 година од 13.07.2016 година. Наведената соостојба е соодветно обелоденета во конечниот извештај, поради што ревизијата не дава препорака.

28. Забелешките на констатираните состојби во **точката 3.1.2** кои се однесуваат за дел од лицата за кои не беа доставени реални и објективни докази од кои може да се потврди дека истите се стручни лица, со високо образование и со најмалку седум години работно искуство во воспитно-образовната дејност или во орган на државната управа надлежен за работите на образованието, **претставува известување** за преземени мерки за надминување на состојбата. Од страна на министерството донесено е Решение бр. 20-11642 од 24.08.2016 за изменување на Решението за формирање на Комисија за нострификација и признавање на еквиваленција на сведителства и дипломи за основни и средно образование со кое именуван е нов член кој ги исполнува условите. Наведената соостојба е соодветно обелоденета во конечниот извештај, поради што ревизијата не дава препорака.